*Елица МАНЕВА* **УДК: 903.25„14/17“**

# ОД СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ПОЈАСНИ ГАРНИТУРИ ДО ПОДОЦНЕЖНИТЕ ПАФТИ

***Кратка содржина***

*Појасниот дел е зоната од човековото тело каде се употребува накит со разновидна утилитарна намена и симболично значење. Во средновековието овој накит достигнал најголем расцут со луксузните, благороднички појаси – инсигнии. Почнувајќи од XVI век меѓу археолошките наоди се среќаваат и пафтите.*

*Од доцниот XVIII до почетоците на XX век пафтите се дел од етнолошките материјали. Меѓутоа, интердисциплинарните проучувања даваат најсоодветни резултати за оваа проблематика.*

***Клучни зборови:*** *АРХЕОЛОГИЈА, КОЛАН, ПОЈАСНИ ГАРНИТУРИ, ПАФТИ, ЕТНОЛОГИЈА*

Појасниот дел на човековото тело, и кај мажите и кај жените, во многу култури почнувајќи од праисториските[1] зазема значајно место во изгледот на облеката, накитот и неговата симболика. Притоа, може да се работи за одделни практични решенија со утилитарна намена како препашување и зацврстување на облеката, носење и прикачување на разновидни предмети за секојдневна или професионална употреба и сл. Меѓутоа, појасниот дел се чинел погоден и за многу посложена намена со многу значајна симболика. Имено, овој дел од телото можел да го означува пределот кој преку соодветни додатоци ѝ сигнализирал на околината каков е личниот и семејниот статус на носителот, вклучително и хиерархискиот ранг во општеството при што појасот имал и обележја на инсигнија. **Сл. 5, 6**

Половината, особено стомачната зона, во средновековието била местото (како и пекторалниот и срцевиот дел) каде се носеле или се чувале амулетите со разновидни лечебни, исцелителски и профилактички „моќи“.[2]

Азиските номади од *Големата преселба на народите* (IV-VI век), после милениумската доминација на Индоевропјаните, за прв пат во Европа носат поинакви обичаи, начин на живот, облека и накит.

Појасите се најсуштествениот дел во изгледот и симболичните пораки на облеката и накитот кај монголските, татарските, туркменските и други азиски, номадски популации. Особено е впечатливо значењето на парадните појаси

[1] Манева 1992, 29, п. 32а.

[2] Рыбаков 1987, 540-556.

кај Аварите, покрај кои се употребувале уште два други утилитарни, но и со идентификациска намена.[3]

Античкиот костим, како и оној кај останатите Индоевропјани во основа имал сличен модел: облека што се дипли врз телото и се прицврстува со разновидни фибули, игли и копци, пред сè на рамената и градите.

Меѓутоа, и на античките европски народи[4] не им било страно носењето на појаси.

Во периодот на доцната антика кај офицерскиот, војнички сталеж, освен со специфичните фибули, рангот се означувал и со колани со разновидни токи, окови, јазичиња и други видови специјално обликувани метални додатоци со препознатлив изглед.[5]

Во Византија е забележителен и своевидниот, дипломатски потег, водачите на соседните, варварски племиња да бидат одликувани со титулата *патрикиј*. Со тоа се спречувале взаемните непријателства и војни. Притоа, овие претенденти за титулата биле дарувани со *униформа и со неа ознаки* со што дарованиот се прогласувал за *Римјанин*, односно *ромејски патрикиј*.[6]

При прогласувањето на титулата *магистер, куропалат* и *нобилисимус* кандидатите носеле црвени, кожни колани со украсно камење. Вообичаено било патрикиите да носат цингулум – еден вид скапоцен колан.

Во VII век било воспоставено правилото кога византиските патрикии требало да се појават во својство на воени достоинственици или дворски пратеници пред други владетели, морале да бидат облечени во брокатна туника опашана со скапоцен *цингулум*.

Како обележја на благородничкиот статус – *илустрес* – се споменуваат и *пурпурната наметка – плашт* закопчан со соодветна *фибула, чифтот, златни масивни белегзии* и *златниот ѓердан – колајна*.[7]

Во западноевропската, културна сфера, во *Правилникот за патрикии (Patricius Ordo)* од XI век како патрикиски обележја се набројуваат: *плаштот (mantus), прстенот на десниот показалец* (*anulus in dextra indice)* и *златната дијадема* (*aureus circulus*).[8]

Во средновековните, пишувани извори, пред сè во зачуваните, дубровнички архиви, во тестаментите и други списи, постојат детални описи за имињата, формите, материјалите, боите, паричната вредност, значењата (вклучувајќи ги и инсигниските) и другите карактеристики на луксузните појаси и на нивните носители (било машки или женски) итн.[9]

---

[3] Ковачевић 1977, 76-77; Поповић 1997, 42-48 etc.

[4] *Извори за българската история III, 237, 315.*

[5] Vinski 1974, T. XLI-T. L.

[6] Deèr 1967, 31-36.

[7] Werner 1984, 40-42.

[8] Ibid., n. 153.

[9] Радојковић 1969, 149-151, n. 347.

Псевдо-Кодин во своето обемно дело *За службите (De oficiis)* опишувајќи ги професионалните обврски и протоколарни манири во Византија дава детални описи и за соодветните, византиски, официјални и инсигниски костими подобни за одделни пригоди и служби. Притоа се дадени и упатства за изгледот, начинот на употреба, материјалите, разните додатоци, боите и другите специфики на облеката со напомени што било адекватно, а што не за одделни случувања, односно што соодветствувало на одреден општествен статус на носителите.[10]

За церемонијалните правила и инсигниското значење на појасите се среќаваат интересни податоци и во *Законикот* на Цар Душан. Имено, во чл. 48 како ознака за велмошки статус (покрај *мечот* и *коњот* коишто се наследувале заедно со благородничката титула) се споменуваат и скапоцените *наметки* (*бисерните свити*) *и златните појаси* кои, исто така, како инсигнии, се предавале од татко на син.[11]

Од истиот период постојат и записи за нарачките на свилени ткаенини и *сребрени појаси* од Венеција коишто ги правел Цар Душан за потребите (и дарувањето) на племството.[12]

Ликовните претстави на фреско живописот од овие простори сведочат за изгледот, квалитетот, материјалите и начинот на употреба на овие скапоцени инсигниски појаси. Тие се насликани на ктиторските композиции кај велможите, како и кај одделни свети воини со потекло од повисоките општествени слоеви, пред сè во сцените на Небесниот двор.[13] **Сл. 5, 6**

Меѓу највпечатливите примероци се појасите што се прикажани на претставите на деспотот Јован Оливер од црквата Св. Архангели - Лесново, ќесарот Новак од црква во Мал Град – Преспа, велможот Остоја Рајковиќ од Св. Богородица Перивлептос во Охрид (со специфичната употреба на појасот кој во тоа време /1379/ бил спуштен на колковите), како и со повеќекратната нивна претстава на ктиторската композиција од Св. Никола – Псача каде е прикажано семејството на кнезот Паскач.[14] **Сл. 5**

Археолошките наоди на скапоцени појаси од овој период се неизвесни или многу ретки.[15]

Наодите на раносредновековни, метални делови од појасите откриени на територијата на Р. Македонија се врзуваат, главно, за културната група Комани – Круа (VII – почетокот на IX век) и тоа претежно за некрополите *Св Еразмо* кај Охрид и *Цигански Гробишта* с. Радолишта кај Струга.[16]

Исклучително ретко, метални, појасни додатоци се најдени и во одделни, крајпатни, јаки крепости како што е онаа во Дебреште кај Прилеп[17] **Сл. 1** и во

---

[10] Pseudo-Kodinos 1966.

[11] Благојевић - Петковић 1989, 171.

[12] ИПУС, 93.

[13] Грозданов 1988, 5-34.

[14] Ковачевић 1953, 174-179.

[15] ИПУС, 88; Бајаловић – Хаџи-Пешић 1984, 114, Кат. бр. 500, Т. XLIX etc.

[16] Манева 1992, 30-33, Т. 4-5.

[17] Ibid., Т. $98,_{67/7}$.

Хераклеја - Битола[18] со што се навестува византиското присуство на овие локации и во VII век.

Периодот од X-XIV век е мошне сиромашен со наоди од метални додатоци на појасите, Притоа, нешто позабележително е присуството на лировидни токи карактеристични за византиската културна сфера.[19] **Сл. 2**

Од Варош – Прилеп, од Црквата Св. Димитрија со придружната некропола (XII – почетокот на XIX век) потекнуваат два примерока на некој вид минијатурни „пафти". **Сл. 3, 4** За жал, и двата се од групата предмети без поконкретни податоци за местото на наоѓање.[20]

Едниот примерок е составен од два елементи во форма на минијатурни узенгии за прицврстување со основата или со коланот, додека другите краеви служеле за меѓусебно закачување. Примерокот е лиен од бронза, со додатно врежување и пунцирање. (Дим.: 32 x 13 mm)[21] **Сл. 3**

Најблиска аналогија за овој наод се среќава меѓу артефактите од Коринт и се датира доста широко во „византиски и поствизантиски период".[22]

И другиот наод од лок. *Св. Димитрија, Варош – Прилеп* е, исто така, без попрецизно лоцирање при откривањето што, секако, би било од особено значење доколку е гробен наод. Тоа е бронзен примерок и се состои од два дела со полно лиени листолики завршетоци. Едниот од нив има ушка (Дим.: 28 x 6 mm) додека другиот кукичка за закопчување (Дим.: 33 x 17 mm). Судејќи по изгледот, особено на листоликиот дел кој завршува во облик на *сараценски лак*, овој примерок се чини подоцнежен, веројатно, од времето на турското средновековие.[23] **Сл. 4**

Минијатурноста на овие две „пафти" од *Св. Димитрија, Варош – Прилеп* оди во прилог на мислењето дека со нив, можеби, се закопчувале полите од горна облека или од наметка.

Пафтите како додатен дел на појасите познати се, главно, преку етнолошката граѓа. Меѓутоа, археолошкиот третман на периодот од *Турското средновековие од Македонија* (XV-XVIII век), на виделина изнесе многу нови сознанија, покрај другото и за генезата и развитокот на пафтите. Иако се ретки како археолошки наоди, веројатно, заради нивната скапоценост, тие се, сепак, откриени како во населбинските слоеви, така и во некрополите од наведениот период. Притоа, мошне драгоцени се како инвентар во гробните целини кои нудат и додатни стратиграфски и хронолошки податоци, како и прецизни сознанија за начинот на употреба и за нивните носители.

---

[18] Манева 1988, 47, Т. II, 5, Т. IV, 5.

[19] Манева 1992, Т. $98_{,31/133,\ 34/4,\ 91/1}$ etc.

[20] Ibid., Т. $98_{,63/4,\ 63/5}$.

[21] Бабиќ 1976, Кат. бр. 101.

[22] Davidson 1952, 275, Pl. 115, N° 2247; Бабиќ 1976, ат. бр. 102.

[23] Манева 1992, Т. $98_{,63/25}$.

Од археолошките ископувања на некрополата Водоча (XIII-XIV век) чиишто резултати ми се целосно достапни,[24] можат да се издвојат примери на пафти коишто сведочат за трансформациите на овој вид артефакти.

Во *Гробот 171* од оваа некропола откриени се остатоци од скелет со неидентификуван пол. Меѓу другите, многу кородирани, атипични наоди, *in situ,* на половината откриени се бронзени делови од појас кои се, всушност, еден вид пафти карактеристични за XVI век.[25] **Сл. 7**

Примерокот е лиен од бронза во техника на едностран калап и се состои од повеќе делови. Во централниот дел има две токи со петтоаголен надворешен раб, коишто со масивни, кружни алчиња во средината се „споени“ и прицврстени со еден змијолик „S“ додаток. Покрај рамниот, надворешен раб на петтоаголната тока, од левата страна зачувана е уште една правоаголна, метална рамка која, веројатно, служела за прицврстување на ременот. **Сл. 7** (Дим.: зачувана должина 14 см; ширина – 4 см. Завод и Музеј – Струмица, Инв. бр. 161)

Во женскиот гроб 724 од некрополата Водоча *in situ*, на половината е најдена цела пафта.[26] **Сл. 8**

Двата дела кои се закопчуваат со копец и ушка се листолики со брановиден, надворешен раб. Во средишното поле опкружено со два концентрични круга е прикажан цвет, додека периферното поле е декорирано со венец од стилизирани вегетабилни мотиви. Пафтата е лиена во бронза, во калап со пробивање и е посребрена. (Дим.: 23,5 x 5,8 см., Завод и Музеј – Струмица, Инв. бр. 1730), **Сл. 8**

Обликот, декорацијата и целокупниот изглед наведуваат на претпоставката дека таа била изработена во XVII век. Меѓутоа, изабеноста на површината каде одвај да се наѕира посребрувањето, како и накнадното отстранување на попречните спони за прикачување на коланот од внатрешната страна, ја покажуваат долготрајната употреба на овој предмет.

Останатите наоди на матроната закопана во гробот 724, од Водоча, особено луксузните наушници покажуваат дека целата гробна целина може да се датира во првата половина на XVIII век.[27] **Сл. 8**

Како вонгробни наоди во некрополата Водоча, најдени се и делови од две помали, бронзени пафти од XVII век. **Сл. 9, 10**

Едната е со ушка за прикачување, зачувана спона за ременот од внатрешната страна и благо издигнат средишен дел. На лицевата страна во централното поле е прикажан стилизиран цвет меѓу четирите краци на крст. И крстот и сегментите помеѓу се украсени со вегетабилни мотиви. Средишниот дел е опкружен со неколку концентрични полиња со едноставна геометриска орнаментика или без неа. (Дим.: должина 5,4 см; D – 4,2 см., Завод и Музеј – Струмица, Инв. бр. 1880) **Сл. 9**

---

[24] Манева 2007.

[25] Радојковић 1969, Кат. бр. 212.

[26] Манева 2007, Кат. бр. 70.

[27] Манева 2010, 51-59.

Другиот вонгробен наод од Водоча има слични карактеристики, лиен е од бронза со зачувана попречна спона за коланот, но е нешто поиспакнат, со кука за прикачување и е помал. (Дим.: должина 5,0 см; D – 3,6 см., Завод и Музеј – Струмица, Инв. бр. 3). Лицевата страна е украсена со маркантен цвет – розета околу која се извиени ластари. Околу работ има венец од пластична точкаста низа.[28] **Сл. 10**

Во текот на XVIII век, а особено во XIX, сè до почетоците на XX век, се изработуваат многу посложени и помаркантни, дури и многу масивни пафти. Направени од метали како бронза, месинг, а не ретко посребрени или од сребро со позлата, тие биле премногу скапоцени и ретко се ставале како прилог во гробовите. Всушност, од ова време пафтите се познати претежно како етнолошки материјал.

Не навлегувајќи подетално во оваа проблематика треба, сепак, да се напомене дека пафтите во наведеното време (од XVIII до почетоците на XX век) на овие простори биле дел од женскиот, особено од невестинскиот накит, но и од машкиот, секојдневен, профан, свечен или свештенички додаток на облеката.

Пафтите биле во употреба и кај христијаните и кај муслиманите. Притоа, облиците, декорацијата и квалитетот на изработка доживеале мноштво измени со широк спектар на симболични значења и пораки за носителите.

Промените се јавувале и во начинот на употреба и во изгледот, при што се среќаваат едноделни, дводелни, рамни, конкавни и со разнолико моделирање и распоред на мотивите и масите на лицевата страна.[29]

Како потврда на разноликоста, високиот занаетчиски и уметнички дострел и бројноста во продукцијата, секако, треба да се земат предвид пафтите од битолските ковенции. Овие работилници како една од најголемите балкански центри во Румелија, произведувале луксузни пафти со барокни карактеристики специфични по левантските, уметнички и стилски влијанија. **Сл. 11-14** Заради своите квалитети тие биле барани, нè само во подрачјето на Македонија, туку и во Косово, на север до Белград, а на запад до Дубровник и Мостар. Големата потрошувачка на благородни метали и претопувањето на големо количество турски монети, е причината султанот да издаде и *Хатишериф* со кој се забранувал преголемиот одлив на нумизматички ресурси во Источна Румелија за изработка на овој накит.[30]

Како највпечатливи артефакти од продукцијата на битолските мајстори можат да се посочат неколку примери.

Меѓу најраскошните се вбројуваат сребрените, позлатени, женски пафти во вид на отворена школка. Тие се со богата, вегетабилна декорација и мошне префинета, барокна изработка. Датирани се во XVIII век. Денес се чуваат во Музејот на применета уметност во Белград.[31] **Сл. 11**

---

[28] Сличен примерок е забележан и на Изложбата од археолошките истражувања во Македонија (Плаошник – Охрид) 2011 година во Музеј на Македонија. Во таа пригода се изложени, но не се објавени, 5-6 делумно зачувани пафти од XVII век.

[29] Петровиќ 2005, Кат. бр. 1 – Кат. бр. 23 etc.

[30] Радојковић 1969, 257.

[31] Ibid., Кат. бр. 214.

Пафти со аналогни морфолошки карактеристики, исто така од сребро со позлатување, но со пошематизирана декорација, од истото време и иста работилница се чуваат во Муезеј на Македонија. (Дим.: 24 x 10,5. Инв. бр. 3057) **Сл. 12** Во средишниот дел е прикажан омилениот мотив на богинката Артемида со кучиња под нозете.[32]

Од богатиот избор на пафти од битолските работилници од XIX век се посочува уште еден, луксузен, невестински егземплар со извонредна, барокна декорација. Странично, симетрично, на двата дела, еден спроти друг се прикажани, разиграни, барокни претстави од рогови на изобилието опкружени со бујна вегетабилна орнаментика, додека со средишниот простор е прикажан вообичаениот мотив на божицата Артемида со сад во едната рака и стилизирана претстава на куче под нозете. (Дим.: 30 x 11 см; Музеј на Македонија, Инв. бр. 10681)[33] **Сл. 17а**

И по својата изработка, и по религиозната тематика во декорирањето се издвојува уште еден пример на пафти од XVIII век, продукт на битолските мајстори. Тоа се луксузните, сребрени, позлатени, заветни или свештенички пафти со претстава на Благовестие. **Сл. 14** Обликувани се во вид на дводелни, листолики делови кои во средината се закопчуваат со кука и ушка. На едниот дел е прикажана Богородица, а на другиот Архангел Гаврил. И двете фигури се окружени со раскошна, богата декорација со мотиви на дворци, цркви, ѕидини, палми, цветови, птици... (Дим.: 20 x 8 см; Музеј на Македонија, Инв. бр. 10405)[34] **Сл. 14**

Меѓу свештеничките пафти од македонски работилници од XIX век, особено внимание привлекуваат зачуваните делови од две пафти.

Едниот примерок, искован од сребро потекнува од манастирот Карпино. Текст со истоветно име *Манастир Карпино* со кирилични букви е врежан во горниот дел од кружното поле со коешто е опколена средишната претстава. Во централниот дел е прикажан евангелистот Матеј. Неговото име е врежано над неговата глава со грчки алфабет. Тој е претставен како со десната рака пишува над отворената книга (Евангелието), а до него е Ангелот. **Сл. 15**

Зачуван е само левиот дел од пафтата, при што истиот е секундарно употребен како иконка. За тоа сведочи додаденото алче во горниот дел кое служело за прикачување.[35] (Дим.: 11,5 см; Музеј на Македонија, Инв. бр. 10585)[36]

Другиот примерок од свештеничка пафта е откриен при заштитни интервенции на делумно срушената црква Св. Илија во село Вешје на 15 км. јужно од Неготино. **Сл. 16**

Во таа пригода меѓу урнатата покривна конструкција во олтарниот простор откриена е левата половина од дводелна пафта. **Сл. 17а, б**

[32] Петровиќ 2005, Кат. бр. 12.

[33] Ibid., Кат. бр. 9.

[34] Ibid., Кат. бр. 15.

[35] Ibid., Кат. бр. 22.

[36] Превентивна заштита на црквата (1873) презедоа членовите на студентското, археолошко друштво „Аксиос“ – под раководство на археологот Орданче Петров во 2011 година.

Тоа е кружно, конкавно моделиран дел од бронза на чија задна страна се зачувани две паралелни, лентести спони за зацврстување на појасот. На горната видлива површина е прикажан двоглав орел како црковен, христијански симбол. Меѓу двете глави од орелот е претставата на книга со стилизирано писмо врежано на неа секако, со значење на *Светото Писмо.* (Дим.: D. – 11,5 см; Основно училиште с. Вешје) **Сл. 13**

И покрај „археолошките“ методи на изнаоѓање на пафтите, како што е случајот со наодот од Вешје, **Сл. 16** или „модерните“, фотографски сведоштва за нивната употреба од истото време (крајот на XIX век), **Сл. 18** на етнологијата останува да се занимава со останатите аспекти за спецификите на облеката од овој период, вклучително и за металните додатоци – накитот, односно пафтите. **Сл. 18**

Но, кога станува збор за генезата на појасните додатоци како метални гарнитури од најразличен вид, археологијата во интердисциплинарна спрега со етнолошките, историските, ликовните и други извори, навистина има што да каже и за овие облици кај накитот.

## ИЛУСТРАЦИИ



***Сл. 1*** *Метален додаток за појас – Дебреште – Прилеп VII век*
***Fig. 1*** *Metal belt component – Debrešte – Prilep 7th century*



***Сл. 2*** *Лировидна тока – Црквиште – Демир Капија – византиски период*
***Fig. 2*** *Lira shaped buckle – Crkvište – Demir Kapija – Byzantine period*



***Сл. 3*** *Минијатурни копци – пафти Св. Димитрија – Прилеп – поствизантиски период*
***Fig. 3*** *Miniature clutches – metal buckles St. Demetrios – Prilep – Post-Byzantine period*



***Сл. 4*** *Минијатурни пафти Св. Димитрија – Прилеп – турско средновековие*
***Fig. 4*** *Miniature metal buckles - St. Theodor – Prilep – Turkish Middle Ages*



***Сл. 5*** *Ктиторска композиција – Псача (1371)*
***Fig. 5*** *Donors composition – Psača (1371)*



***Сл. 6*** *Св. Теодор Стратилат, Св. Димитрија, Трескавец – Прилеп (1485)*
***Fig. 6*** *St. Theodor Stratilat – St. Demetrios, Treskavec – Prilep (1485)*



***Сл.** 7 Пафти – Гроб 171 – Водоча – XVI век*
***Fig.** 7 Metal buckles – Grave 171 – Vodoča – 16th century*



***Сл. 8** Пафти – Грбо 724 – Водоча – XVII век*
***Fig. 8** Metal buckles – Grave 724 – Vodoča – 16th century*



***Сл. 9** Дел од пафти – вонгробен наод - Водоча – XVII век*
***Fig. 9** Parts of metal buckle – out of grave finds – Vodoča – 17th century*



*Сл. **10** Дел од пафти – вонгробен наод - Водоча – XVII век*
***Fig. 10** Parts of metal buckle – out of grave finds – Vodoča – 17th century*



*Сл. **11** Пафти, сребро, позлата – Битолски работилници XVIII век*
***Fig. 11** Silver buckles, gilded – Bitola workshops 18th century*



*Сл. **12** Пафти, сребро – Битолски работилници XVIII век*
***Fig. 12** Silver buckles - Bitola workshops 18th century*



***Сл. 13*** *Пафти, сребро – Битолски работилници XIX век*
***Fig. 13*** *Silver buckles - Bitola workshops 19th century*



***Сл. 14*** *Пафти, позлатување – Битолски работилници XVIII век*
***Fig. 14*** *Gilded buckles - Bitola workshops 18th century*



***Сл. 15*** *Дел од пафти – (иконка) – Манастир Карпино XIX век*
***Fig. 15*** *Parts of metal buckles (little icon) –Karpino Monastery 19th century*



*Сл.* ***16*** *Св. Илија, с. Вешје – Неготино (1873) состојба во 2011 година*
***Fig. 16*** *St. Elijah, village of Vešje – Negotino (1873) condition in 2011*





***Сл.17*** *а,б Дел од свештенички пафти (лице и опачина) Св. Илија, с. Вешје – Неготино*
***Fig. 17*** *Parts of Priestly buckles (avers and reverse) St. Elijah, village of Vešje – Negotino*



***Сл. 18*** *Мариовка во невестинско руво – крај на XIX век*
***Fig. 18*** *Mariovo bride in a bridal wear – end of 19th century*

### *Литература*

Бабиќ 1976
Б. Бабиќ 1976, *Културно богатство на Прилеп од V-XIX век,* Прилеп
Бајаловић - Хаџи-Пешић 1984
М. Бајаловић – М. Хаџи-Пешић, *Накит VIII-XVIII века у Музеју града Београда,* Београд
Благојевић, Петковић 1989
М. Благојевић, С. Петковић, , *Србија у доба Немањића*, Београд
Грозданов 1988
Ц. Грозданов, Христос цар, Богородица царица, небесните сили и светите воини во живописот од XIV и XV век во Трескавец, *Културно наследство* XII-XIII, Скопје, 5-34
ИПУС
*Историја примењене уметности код Срба,* Том I, Средњовековна Србија, Београд 1977
ИСТОРИЯ III
*История на България, Том III,* БАН, София 1982
Ковачевић 1953
Ј. Ковачевић, *Средњовековна ношња Балканских Словена* - САНУ (CCXV), књ. 4, Београд
Ковачевић 1977
Ј. Ковачевић, *Аварски Каганат,* Београд
Манева 1988
Е. Манева, Неколку видови накит од крајот на антиката, *Културно наследство* XII-XIII, Скопје, 45-54.
Манева 1992
Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје
Манева 2007
Е. Манева, *Древниот накит од Македонија – Некропола Водоча,* Каламус, Скопје
Манева 2010
Е. Манева, Накитот на една матрона од Водоча, *Македонско Наследство,* 51-59, Скопје
Петровиќ 1997
М. Петровиќ, *Свето и профано во сребро опковано,*Каталог, Музеј на Македонија, Скопје
Поповић 1997
И. Поповић, *Златни аварски појас из околине Сирмиума,* Београд
Радојковић 1969
Б. Радојковић, *Накит код Срба од XII до краја XVIII века,* МПУ, Београд
Рыбаков 1987
Б. А. Рыбаков, *Язычество древней Руси,* Москва

Davidson 1952
G. Davidson, *The minor Objects, Korinth,* Vol. XII, Princeton
Deèr 1965
J. Deèr, *Zum Patricius Romanorum – Titel Karts d. Gr. Archivum Historiae Pontificiae* 3, Vatikan
Pseudo-Kodinos 1966
Pseudo Kodinos, Traité des offices (Red. J. Verpeaux) Paris
Vinski 1974
Z. Vinski, Kasnoantički starosjedioci u salonitanskoj regiji prema arheološkoj ostavštini pred slavenskog substrata, *Vjesnik za arheologiju i historiju dalmatinsku*, LXIX/1967, Split, 3-98, T. I-L.
Werner 1984
J. Werner, *Der Grabfund von Malaja Pereščepina und Kuvrat - Kagan der Bulgaren*, München

*Елица МАНЕВА*

# FROM MEDIEVAL BELT DECORATIONS TO METAL BUCKLES

***Summary***

*Jewellery has been used over the ages to adorn belts, serving a variety of functions as well as bearing numerous symbolic meanings.*

*In addition to their functional uses in fastening clothes, belts in the Middle Ages also declared a person's professional status or military rank and the jewellery on medieval belts often incorporated insignias of nobility.*

*These roles of belts in the Middle Ages are attested to by archaeological finds* ***Fig. 1-4*** *by portraits in medieval frescoes, particularly those from the 14th and 15th century,* ***Fig. 5, 6****, as well as by various written sources.*

*A specific metal addition is found on belts discovered among archaeological materials from Macedonia in the 16th century onwards—the metal belt-buckle.* ***Fig.*** *7*

*The presence of belt buckles is even more noticeable in findings from the 17th and 18th centuries in the ruins of settlements, in graves and—more rarely—as burial offerings* ***Fig. 8-10***

*Macedonian metal buckles from the 18th to the 20th century form an important part of ethnological collections and were among the most remarkable, precious and luxuriantly crafted jewellery additions of that time. Buckles were worn both by women as a decoration to their clothing, particularly in bridal wear, and by men as an addition to everyday secular or ceremonial and priestly vestments* ***Fig.11-15, 17ab, 18***

*Metal buckles were used both by Christians and Moslems.*

*The most appropriate approach to the scientific interpretation of the various metal decorations on belts from the Middle Ages to the period of the revival in Macedonia is an interdisciplinary approach that makes use of methods from the fields of archaeology, history, art history, and—of course—ethnology.*

***Key words:*** *ARCHAEOLOGY, ETHNOLOGY, BELT, BELT DECORATIONS, METAL BUCKLES*